СМРТ НА ФАШИЗМОТ – СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Вторник, 20 ноември 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 90 ГОД. I

Цена на овој број е 12.— дин. — Претплата за второто полугодиште на 1945 год. дин. 350.—. — Редакцијата: Бранкова Nr. 20. — — Телефон: 28-838

**854.**

На основание на чл. 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховно законодателно и извршно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за променуење називот Антифашистко веќе на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за финансии, Претседателството на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

### ЗАКОН

### ЗА НЕПОСРЕДНИ ДАНОЦИ

### I ГЛАВА

### УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

На подручјето на Демократска Федеративна Југославија постојат следните непосредни даноци:

данок на доходок, и

данок на наследство и подароци.

Член 2

Данокот на доходок според начинот на разрезот и наплатуењето се дели на четири групи:

I — данок кој се одбива при исплатуењето односно пресметањето приходите (данок по одбиток);

II — данок кој се разрезуе без пријава (данок по проценка без пријава);

III — данок кој се плаќа во непроменет износ (данок по фиксниот став);

IV — данок кој се разрезуе според пријавите на даночните обвезници (данок по пријава).

Член 3

1) Даночното задолжение е општо.

2) Сите лица (физички и правни) плаќаат данок по овој Закон воколку несе со Закон ослободени.

3) Државните претпријатија се сметаат секое за себе како посебен даночни обвезник.

Член 4

1) Даночното задолжение почнуе со денот на отпочнуењето стопанската дејност, почетокот на вршењето занимавање, односно со денот на стекнуењето имотни предмети или права, а престануе на оној ден кога даночниот обвезник умрел, престанал да обавуе стопанската дејност, престанал да врши занимавање или го отуѓил односно изгубил имовинскиот предмет или правата. Кај правно лице даночното задолжение престануе со денот на престанокот на неговото постојање.

2) Стопанската дејност, односно вршењето на занимавање се сметаат започнати, кога работата вистински е започнала.

3) Сите даночни обвезници се должни најдалеку за петнаест дена од денот на почетокот односно престанокот на даночното задолжение за тоа да поднесат пријава на надлежниот даночен орган. Од тоа се исклучуат даночните обвезници за приходи од II група. За смрта на даночниот обвезник ќе го извести даночниот одел месниот народен одбор надлежен по домицилот на умрениот.

Член 5

1) Данокот на доходок се разрезуе на физички лица на вкупниот износ на нивните приходи од територија на една федерална единица, воколку со овој Закон нее инаку пропишано.

2) На правните лица данокот се разрезуе на сите нивни приходи од територијата на целата држава.

Член 6

1) Ако домашниот даночен обвезник има приходи и од странство, го плаќа овој данок и на тие приходи, освен во случај ако докаже да е на тие приходи платен соодветен непосреден данок во странство, а под условие на реципроцитет.

2) Ако лицето од странство има приходи од територијата на Демократска Федеративна Југославија, го плаќа овој данок само на тие приходи.

Член 7

1) Роковите одредени по овој Закон задолжителни се за секого и не можат да се продолжуат. Секое пречекоруење повлечуе законски последици. Исклучително не ќе повлечуе законски последици, пречекоруењето кое не предуе петнаесет дена, ако се оправда нарочно со важни разлози; ова не важи за чл. 14, ст. 2) чл. 48, чл.53 и чл. 65.

2) Финансиските органи на народната власт можат во постапката по овој Закон да одредат рокови кои не се предвидени по овој Закон, а кои ќе бидат задолжителни за сите лица и народните власти.

3) Како ден на предавањето се смета и денот на предавањето на пошта. Ако последниот ден на рокот падне во недела или на празничен ден кога надлештвата не работат, рокот се продолжуе до првиот нареден работен ден.

Член 8

При пресметањето даноци по овој Закон, разломците до 50 пари не се земаат во обзир, а преку 50 пари се заокружуат на цел динар.

## II ГЛАВА

## ДАНОК НА ДОХОДОК

### I Група

### Данок по одбиток

Член 9

Данок по одбиток се наплатуе при исплатуењето или пресметањето приходите, без подносуење даночна пријава, а го плакјаат;

а) работници и намештеници — на приходот од односот на службата;

б) лица кои примаат хонорари, награди и слично за худежествени, научни, стручни и други работи — на хонорари, награди и слично; и

в) сопственици на улози на штедња (по књишки, текукји сметки и сл.), на хартии од вредности и удели — на приходи од улози, на хартии од вредност и удели.

Член 10

Даночната основица на обвезници на I група ја чинат:

1) Кај работници и намештеници, приходите во пари и во натура кои произлегуат од односот на службата. Во случај да едно лице има приход и од повише односи на службата, овие приходи не се собират туку секој од нив преставуе даночна основица за себе.

2) Кај лица кои примаат хонорари, награди и слично — хонорарот, односно наградата;

3) Кј сопственици на улози на штедња хартии од вредност и удели-приходите од улозите на штедња, хартиите од вредност и уделите. Приходите од секој улог, односно од секоја хартија од вредност, односно од секој удел чинат посебна даночна основица.

Член 11

Од данокот на приход од односот на службата се ослободуат:

1) По начелото на реципроцитет дипломатски застапници на странски држави и други лица на кои по мегјународното право припагја екстериторијалност, нивните чиновници и намештеници, како и останали лица на кои на основание на мегјународниот договор или по мегјународно-правни начела им припагја право на ослободуење, воколку се оние странски државјани;

2) Ученици во поглед на својот приход од поучуење.

Член 12

Данокот се разрезуе според скалата а по месечниот, неделниот односно дневниот приход. Кај приходите кои не се одредени на месец односно недела, туку за некое друго време данокот се пресметуе сразмерно на месечниот или неделниот износ сметајки ја неделата во 6 дена, месецот во 25 дена и годината во 300 дена.

2) Ако приходот нее одреден по време (акордна плата, плата од парче и слично) се пресмета приходот на износот кој просечно ке падне или обично пагја на ден, недела и месец.

Член 13

Работодавачите и лицата кои вршат исплати на принадлежности, хонорари или пресметки на приходите од улози, хартии од вредност и удели должни се да го обустават данокот по скалата од чл. 49 на овој Закон при исплатуењето принадлежности, хонорари или исплатуењето односно пресметањето приходите од улози, хартии од вредност и удели.

Член 14

Лицата од чл. 13 на овој Закон кои обуставуат данок при исплатуењето односно пресметањето должни се во рок од 15 дена по истекот на месецот во кој исплатуењата односно пресметањата се извршени да го положат обуставениот данок на државната благајна.

Член 15

1) Ако работниците, намештениците и лицата кои примаат хонорари, награди и слично имаат приходи и од други извори, должни се да поднесат доночна пријава. Во тој случај сите приходи се собираат уедно и се оданочуат на начин пропишан за IV група а по стопи на II скала на чл. 49. Исклучително, ако се приходите надвор од односот на службата на обвезници од точ. 1) чл. 10 на овој Закон а кои не се оданочуат по начинот предвиден во чл. 9, помалите од 50% од нивните приходи од односот на службата — се собираат уедно и оданочуат по стопата I скала чл. 49.

Ако сопствениците на улози на штедња кај кредитните институции имаат приходи и од други извори, должни се да поднесат даночна пријава само за тие други приходи и оние не се собираат со приходите од тие улози на штедња.

3) Сите останали лица споменати во чл. 9 на овој Закон ако имаат приходи и од други извори, должни се да поднесат даночна пријава. Во тој случај сите приходи се собираат уедно и оданочуат на начин пропишан за IV група, а по стопите на II скала чл. 49 на овој Закон.

4) И во овие случаи за приходите од чл. 10 на овој Закон ке се вршат одбивања на данок на начин предвиден во тој член, но вака наплатениот данок ке се одбие на обвезникот од данокот разрезен по стопите на II скала на чл. 49 на неговиот целокупен приход.

### II Група

### Данок по проценка без пријава

Член 16

1) Данок по проценка без пријава плакјаат земјоделци кои се бават со пољоделие сами или уз помокј на тугја работна снага.

2) Под земјоделец во смисол на предходниот став се подразбира секое оноа лице на кое главното занимавање е пољоделие.

3) Земјоделските деца под 18 години старост и земјоделците трајно неспособни за привредуење спагјаат во оваа група и во случај кога самите не се бават со пољоделие.

Член 17

1) Даночната основица на обвезници од II група ја чинат приходите од пољоделие.

2) При пресметањето приходите од пољоделие даночната комисија ке појдуе од утврдениот катастарски чист приход кој може да го смалуе односно поголемуе во случај да вистинскиот приход на обвезниците според доставените и податци, е помал односно поголем за 20% од неговиот катастарски чист приход утврден според Уредбата за делокруг и начинот на работата на Комисијата за утврдуење приходите од земјишта како и за извршуење описи

на земјиштата во краишта каде уште не се изработени катастарските податци од 9 мај 1928 година.

3) Ако земјоделците имаат приходи како членови на народните одбори, овие приходи не се собируат со останалите нивни приходи, туку засебно се оданочуат на начин предвиден за I група.

Член 18

1) Ако обвезниците од чл. 16 на овој Закон имаат приходи и од други извори освен приходите од пољоделие, исклучуејки приходите од улози на штедња кај кредитни институции, должни се да поднесат даночна пријава. Во тоі случај сите приходи се собираат уедно, и опрезуат на начинот пропишан за група IV.

2) Исто така и притежателите и закупците на пољоделски имоти, освен вдовици со право на вдовички ужиток се должни да го пријават на надлежниот даночен оддел постојањето на право за уживање односно на закупниот однос. Пријавата мора да содржи: ознака на катастарската единица, вредност и рок на траењето на правото за уживање, односно условите и рокот на траењето на закупниот однос. Пријавата мора да биде поднесена најдоцна во рок од 15 дена од денот на превземање пољоделскиот имот.

## III Група

### Данок по фиксниот став

Член 19

Данок по фиксниот став плакјаат:

1) кукјни помокјници;

2) лица кои не ја обавуат стопанската дејност во сталeн локал или на стално пазарно тезге, туку на јавни места или по кукји (носачи, тестераши, торбари, улични продавачи итн.); и

3) патни агенти и трговски патници, воколку немаат стална работна просторија во кој случај се оданочуат на начин пропишан за група IV.

Член 20

1) Данокот по фиксниот став се плакја пред почетокот на занимавањето и тоа: ако занимавањето почнуе во првата половина на годината во цел годишен износ, а ако занимавањето почнуе во втората половина на годината во полгодишен износ.

2) Ако обвезниците од оваа група имаат други приходи должни се да поднесат даночна пријава. Во тој случај сите приходи се собираат уедно и се оданочуат на начин пропишан за група IV. Задолженост на пријавата не постои ако обезниците од оваа група имаат покрај приходите на кои плакјат данок по фиксниот став уште само приход од улози на штедња кај кредитни институции.

## IV Група

### Данок по пријава

Член 21

Данок по пријава плакјаат сите физички и правни лица кои обавуат извесна стопанска дејност или вршат самостално занимавање во цел на стекнуење приходи или имаат приходи од имотни предмети или права, воколку не се работи за приходи или лица кои се оданочуат по групите I до III.

Член 22

1) Даночната основица на обвезници од IV група ја чинат нивните вкупни приходи освен приходите од улози на штедња кај кредитни институции.

2) Исклучително од прописите на предниот став, должни се правните лица задолжителни на јавно полагање сметки во својата пријава да ги наведат и сите свои приходи од улозите на штедња. Овие приходи ке се соберат со останалите приходи и заедно оданочат

Член 23

1) Данок по оваа група не плакјат институциите кои вршат јавна служба, без обзир да ли имаат добивки или не. Кои институции ке се сметаат за институции кои вршат јавна служба, ке пропише сојузната влада на предлог на сојузниот Министер за финансии.

2) Приходите од зданијата на странските држави во кои се сместени нивните дипломатски и конзуларни преставителства се ослободени од плакјање данок под услов на реципроцитет.

## III ГЛАВА

### Данок на наследство и подароци

Член 24

1) Данок на наследства и подароци плакјаат наследници, легатори и лица на кои подароците се чинат, според вредноста на наследството, легатот или подарокот, степенот на сродството и висината на даночното заборчуење на примателот на наследството, легатот или подарокот во тренутокот на смрта на оставателот односно во тренутокот на давање подарокот.

2) Овој данок се плакја на целокупната вредност на наследството, легатот и подарокот по одбитокот на долговите кои ги теретат, а се плакја и на наследства, легати и подароци од странство.

3) Странци кои примаат наследство или подароци во нашата земја, го плакјаат овој данок како и нашите државјани.

Член 25

Жената и децата на борци загинати во народноослободителната борба плакјат 50% од стопата на данокот на наследството пропишано во чл. 51 на овој Закон.

Член 26

Вредност на наследството, легатот и подарокот се утврдуе според времето на смрта на оставателот, односно според времето кога подарокот е направен. Ако приемањето на наследство, легат или подарок е условено, вредноста се одредуе според времето во кое условието е исполнето.

Член 27

Ако предметот на наследството, легат или подарок е оптеретен со право на плодоуживање, наследникот на имотот плакја данок на неговата чиста вредност по престанокот на споменатото право. на други лица, додека притежателот плакја на име на данок, кога уживањето е доживотно:

а) една половина ако е притежателот стар до 50 години;

б) една третина ако е притежателот стар преку 50 до 60 години;

в) една петина ако е притежателот стар преку 60 години.

Овој данок притежателот ке го плати според данокот кој би го платил да е наследник на имотот добиен на уживање. Жените за уживање на имотот на мажот не го плакјаат овој данок ако вредноста на имотот е помзла од 50.000.— динари.

2) Кога уживањето е ограничено на извесно време, тогај се зема да даночната основица за секоа година на уживањето износуе 5% од вредноста на имотот кој се ужива, со тоа да даночната основица не може да прејде 100% на вредноста на имотот без обзир на предвиденото трајање на уживањето.

3) Вредноста на наследството кое е оптеретено со право на плодоуживање се одредуе во тренутокот кога наследникот во целост или частично го примил на потполно располагање.

Член 28

1) Месниот народен одбор ги известуе за смрта на секое лице околискиот народен суд и околискиот народен одбор. Месниот народен одбор врши попис и проценка на заоставштината на умрените лица и доставуе на околискиот народен суд и околискиот народен одбор.

2) Околискиот народен одбор образуе комисија од три лица која ке изврши конечна проценка на заоставштината и резултатот на проценката ке го достави на околискиот народен суд, кој по расправата на заоставштината ке го устапи предметот на околискиот народен одбор поради разрез на данок.

Член 29

Овој данок се плакја во рок од 30 дена по соопштението на разрезот.

Член 30

Во случај на подарок помегју живи, лицето кое подарокот го прима и лицето кое подарокот го дава се должни за подарокот да поднесат пријава во рок од 30 дена на околискиот народен одбор надлежен по местото на домицилот на лицето кое подарокот го прима. Околискиот народен одбор ке ја провери пријавената вредност на подарокот и по потреба ке изврши проценка.

## IV ГЛАВА

## ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕЗ И НАПЛАТУЕЊЕ

### а) Даночна основица

Член 31

1) Даночната основица на IV група на една даночна година ја чинат приходите стечени во таа година.

2) Даночната година се поклопуе со календарската. Кај оние даночни обвезници кај кои работната година не се поклопуе со календарската, даночната основица ја чини приходот на онаа работна година која се завршуе во таа даночна година.

Член 32

Приходите кои ја чинат даночната основица на група IV се добиваат кога од бруто приходите на поедини извори се одбијат дозволените одбитоци (чл. 33 и 34).

Како годишен бруто приход се смета:

1) Кај недвижни и движни предмети, вистински издадени под закуп (кирија, наем) износот на закупнината додавајки му сите останали накнади ма во кој вид биле кои закупецот на основание закупот е должен да чини на закуподавачот;

2) Кај зданија кои обвезникот сам ги исползува или ги дава на употреба на друг бесплатно или испод реална вредност, вистинската годишна закупна вредност. Од овоа се исклучуат работните простории кои обвезникот ги употребуе за обавуење својата стопанска дејност, како и зданија на земљоделци кои он сам ги употребуе;

3) Кај радњи, претпријатија и слободни занимавања, годишниот бруто приход на истите извори.

Член 33

Во цел на утврдуење чист приход на разни извори се признаваат следните одбитоци од бруто приходот:

1) кај имотни предмети кои се издаваат под закуп или се употребуат за сопствена употреба: трошковите на одржуење, управата и амортизација;

2) кај радњи, претпријатија и слободни занимавања:

а) закупнината за локалот;

б) платите и надниците во пари и натура на работниците и намештениците;

в) камати на долгови кои ја теретат работата;

г) отписи односно дотации на фондовите на име амортизација на предмети кои служат за обавуење стопанската дејност на даночниот обвезник, како што се зданија, строеви, мртов инвентар итн. Освен тоа се дозволуе кај рударските претпријатија амортизација на трошковите за истражуење сразмерно на количеството на годишната извадена руда според целокупното количество на откриената руда;

д) отписи или дотации на фондовите за покриkje на сомнителни или ненаплативи побаруења; во случај на наплатуења отпишаните побаруења ке се оданочат оние како приход во годината на наплатуењето;

гј) платени посредни даноци, такси, доприноси за осигуруење намештеници во граници на законското задолжение, премии за осигуруење зданија, радњи, стоки и строеви и останали задолжителни давачки;

е) приходи од странство под условија предвидени во чл. 6 на овој Закон;

ж) оданочен добиток пренесен од предходната работна година;

з) кај осигурителни претпријатија онаа сума која е ставена во премиски резерви по поедини гранки на осигуруење, како и каматите на такви резерви се додека тие суми не се употребат за други работни цели;

и) секој губиток и издаток ставен на терет на векје оданочениот фонд;

ј) сите издатоци кои служиле на стекнуење приходи.

Член 34

Не можат како одбитоци по чл. 33 на овој Закон да се признаат:

1) сумите употребени од текукјите приходи за поголемуење претпријатието или радњата, поголемуење работниот капитал или за израмнуење долговите;

2) платени или резервисани непосредни или месни даноци за своја или тугја сметка (на пр.: за свои работници и намештеници);

3) трошкови на кукјанство на даночниот обвезник ма во која форма;

4) камати на целокупен уложен сопствен капитал;

5) губитци од предходните работни години;

6) накнади и ползи код правните лица, ма во кој вид, ги исплатуат на оснивачите или на други членови во полза нивна или на нивните фамилии или нивните претпријатија;

7) тантиеми, дневници и други слични награди на членовите на управниот и надзорниот одбор како и недоговорени тантиеми на останалите службеници на претпријатието;

8) сите останали издатоци и губитоци кои не се во врска со работењето.

Член 35

При утврдуење даночната основица се признаваат следните олеснуења:

1) кај даночни обвезници чија даночна основица не прејдуе 60.000 динари даночната основица се смалуе за секое малолетно дете за 5%;

2) кај земнишни заедници (селски, општински, племенски и слични), даночната основица се смалуе за 30%;

3) кај лица преку 60 години старост даночната основица се смалуе за 10%, ако онаа не прејдуе 60.000 динари годишно

Член 36

Даночни пријави подносуат:

1) обвезници од чл. 9 на овој Закон, ако имаат и други приходи кои не се оданочуат на начин предвиден за I група;

2) обвезници на II група ако освен приходите од пољоделие имаат и други приходи, исклучуејки приходите од улози на штедња кај кредитните институции;

3) обвезници од IV група за сите свои приходи исклучуејки приходите од улози на штедња кај кредитни институции; правните лица мораат во своите пријави да ги покажат и своите приходи од улози на штедња кај кредитни институции.

Член 37

1) Даночните обвезници кои се должни да водат работни книги задолжени се да уз пријавата поднесат биланс и сметка на добитоци и губитоци.

2) Правните лица кои ликвидираат должни се да поднесат ликвидациони биланс.

Член 38

1) Даночната пријава се предава по опште јавно повикуење и во рок во него предвиден, кој не може да биде покус од 30 или подолг од 60 дена. Рокот за предавање во јавно повикуење го одредуе земскиот министер за финансии.

2) Правните лица на кои разрезот се врши по биланс, должни се да поднесат пријава во рок од 60 дена по завршетокот на работната година.

Член 39

1) Даночната пријава се поднесуе на надлежниот народен одбор непосредно или преку месниот народен одбор, кој е должен да даде потврда за поднесената пријава.

2) Даночните обвезници, физички лица, кои имаат извори за приходи на територија од повекје околиски народни одбори на истата федерална единица, ке назначат во својата пријава на околинскиот народен одбор на своето место на домицил изворите на приходите од територијата на други околии.

3) На останалите околиски народни одбори ке пријави само оние приходи од територијата на односната околија уз назначуење местото на домицилот.

4) Даночниот обвезник кој има приходи од територија на федералната единица во која нема домицил, подносуе пријава на околискиот народен одбор на чија територија има извор на приходи. Ако има извор на приходи на територија од повекје околиски народни одбори на федерална единица во која нема свој домицил, ке поднесе пријава на околискиот народен одбор на онаа федерална единица на чија територија има најголем извор приходи, а во сето останало ке постапи аналогно на одредбите од точка 2 и 3 на овој член.

5) Правните лица задолжни на јавно полагање сметка ке назначат во својата пријава на надлежниот народен одбор приходи од територија на целата држава.

6) Неписмени или недоволно писмени даночни обвезници, ако не се задолжни да водат трговски книги, пријавата можат да ја поднесат кај надлежниот народен одбор и устено, за кое ке се состави записник. И за оваа поднесена даночна пријава народниот одбор е должен да даде потврда.

Член 40

Ако даночниот обвезник не поднесе даночна пријава во пропишаниот рок, даночната основица ке се утврди и без пријава.

Член 41

Сите надлештва, инстиуции и частни лица, кои располагаат со податци потребни за утврдуење даночните основици, се должни да ги дадат тие податци на сакање на надлежниот народен одбор.

Член 42

1) Даночните основици на оние обвезници кои се должни да поднесат пријава ги утврдуат даночните комисии и това:

а) за физичките лица комисиите при околиските народни одбори, а

б) за правните лица комисиите при окружните народни одбори односно при околиските народни одбори во земјите кои немаат окрузи. Земското министерство за финансии може да одреди една комисија да биде надлежна за обвезници-правни лица од територија на повекје окрузи односно околии.

2) Даночните комисии се состојат од претседател и четири члена. Претседателот на комисијата е член на околискиот односно окружниот народен одбор кој раководи со финансиските работи на тој одбор. Од останалите четири члена на комисијата при околискиот народен одбор најмалку двајца мораат да бидат од местото на даночниот обвезник чија даночна основица се утврдуе, а најмалку еден член од стопанската гранка на тој обвезник.

3) Членовите на комисијата ги поставуе односно сменуе извршниот одбор на оној народен одбор при кој комисијата работи.

4) Претседателот во отсаствие го заменуе член на одборот кого ке го изабере околискиот односно окружниот народен одбор.

5) Комисијата во работата ја помага стручниот референт кого ке го одреди окружниот народен одбор, за комисиите при околиските народни одбори, односно земске министерство за финансии, за комисии при окружните народни одбори. Стручниот референт е должен да за секој конкретен случај поднесе реферат.

6) Месната надлежност на комисијата се утврдуе според местото на домицилот на даночниот обвезник, односно за правни лица, според местото на седалиштето на управата.

7) Членовите на комисијата пред почетокот на работата положуат заклетва.

8) Функцијата на членовите на даночната комисија е почесна граѓанска должност. Исклучително земскиот министер за финансии може да одреди дневници како накнада за учинетите трошкови односно изгубениот приход.

Член 43

Кај даночни обвезници на група II и IV кои не подносуат биланси даночната комисија ја утврдуе основицата по свое слободно уверењеземајки во обзир пријавата и присобраните податоци. Кај лица кои се должни да водат работни книги комисијата ке ја цени вистинитоста на билансот и според најденото постојано стање ке утврди даночна основица. Даночните обвезници мораат да бидат обавестени за денот на расправата и можат да учествуат во расправата по својот предмет.

Член 44

Решенијата на комисијата за висина на даночната основица мораат да бидат образложени во записникот.

Член 45

1) Во случај да еден даночни обвезник има извори на приходи на територијата од повекје околии, даночните комисии за тие околии ке дадат извештај за висината на приходите за своите територии и ке ги достават на даночната комисија на местото на домицил на даночниот обвезник. Оваа комисија ке утврди вкупна даночна основица на сите извори на приходи на тој даночни обвезник.

2) Ако даночниот обвезник — физичко лице — има извори на приходи на територија од повекје околии на федералната единица во која не се најдуе неговиот домицил, даночните комисии за околиите во кои според пријавата се наjдуат помали извори на приход, ке достават извештај за висината на приходите од своите територии на даночната комисија на околијата во која се најдуе главниот извор на приходи, која ке ја утврди вкупната доночна основица на тој даночен обвезник во таа федерална единица.

Член 46

1) Разврстуење на даночни обвезници по групи, како и разрез по основиците кои ги утврдила комисијата, врши финансиското одделение или финансискиот отсек на народниот одбор на местото на домицилот на даночниот обвезник, односно местото на главниот извор на приходи во случаи на оданочуење приходите во федералната единица во која не се најдуе домицилот на даночниот обвезник.

2) Кај работници, намештеници и лица кои примаат хонорари, награди и слично за художествени, научни, стручни и други работи, а кои имаат приходи и ван односот на службата како и кај физички и правни лица задолжителни на јавно полагање сметка, ке се одоие од разрезаниот данок векје плакјениот данок на приходот од односот на службата, од хонорарот односно од улози, хартии од вредност и удели.

Член 47

1) До разрезот на данок група II и IV за текукјата година даночниот обвезник плакја аконтација според задолжуењето за предходната година.

2) Кај нови даночни обвезници, додека не се изврши прв разрез, висината на аконтацијата ја одредуе финансиското одделение односно финансискиот отсек на надлежниот народен одбор.

Член 48

1) По утврдената даночна основица и висината на разрезот на данокот по пријавата се доставуе на даночниот обвезник извештај.

2) На обвезници на II група, кои не поднесуат пријава разрезот се соопштуе преку ставање распоредот на увид за време од 30 дена.

3) На обвезници на IV група на кои разрезот се врши на основание билансот, се издава посебно решение за разрезот.

б) Даночни стопи

Член 49

Даночни стопи на групите I, II и IV на данокот износат:

| Даночна основица (во хиљади) | I Заплати, надници хонорари и влози на штедња (во проценти) | II За сите останали приходи (во проценти) |
|---|---|---|
| До 1 | | 12 |
| преку 1— 2 | | 12,5 |
| „ 2— 4 | | 13 |
| „ 4— 6 | 2,5 | 13,5 |
| „ 6— 8 | | 14 |
| „ 8— 12 | | 14,5 |
| „ 12— 15 | 2,6 | 15 |
| „ 15— 18 | 2,8 | 16 |
| „ 18— 21 | 3 | 17 |
| „ 21— 24 | 3,5 | 18 |
| „ 24— 30 | 4 | 19 |
| „ 30— 36 | 4,5 | |
| „ 36— 42 | 5 | 20 |
| „ 42— 48 | 5,5 | |
| „ 48— 54 | 6 | 21 |
| „ 54— 60 | 6,5 | 22 |
| „ 60— 66 | 7 | |
| „ 66— 72 | 7,5 | |
| „ 72— 78 | 8 | |
| „ 78— 84 | 8,5 | 23 |
| „ 84— 90 | 9 | |
| „ 90— 96 | 9,5 | |
| „ 96— 102 | 10 | |
| „ 102— 108 | 10,5 | 24 |
| „ 108— 114 | 11 | |
| „ 114— 120 | 11,5 | |
| „ 120— 126 | 12 | |
| „ 126— 132 | 12,5 | |
| „ 132— 138 | 13 | 25 |
| „ 138— 144 | 13,5 | 26 |
| „ 144— 150 | 14 | |
| „ 150— 156 | 14,5 | |
| „ 156— 162 | 15 | 27 |
| „ 162— 168 | 15,5 | |
| „ 168— 174 | 16 | |
| „ 174— 180 | 16,5 | |
| „ 180— 186 | 17 | 29 |
| „ 186— 192 | 17,5 | |
| „ 192— 198 | 18 | |
| „ 198— 204 | 18,5 | |
| „ 204— 210 | 19 | |
| „ 210— 216 | 19,5 | 32 |
| „ 216— 225 | | |
| „ 225— 300 | | |
| „ 300— 500 | 20 | |
| „ 500—1000 | | 35 |
| „ 1000—3000 | | |
| преку 3000 | | |

Член 50

Даноци за III група (член 19 — фиксни ставови) износуат:

1) за кукјни помокјници и лица кои не обавуат стопанска дејност во постојан локал или на постојана пазаришна тезга, туку на јавните места или по кукјите (носачи, тестераши, торбари, улични продавачи итд.) 300 динари годишно;

2) за патнички агенти и трговски патници: 2.400 динари.

Член 51

Стопите на данокот на наследства и подароци износат:

| Вредност на наследства или подароци | Висина на непосредниот данок на наследници (во хиљади динари) | I Деца | II Останали потомци во права линија, муж и жена | III Претци во права линија | IV Бракја и сестри и нивните потомци во I степен | V Стриц, ујак, тетки и нивни потомци во I степен | VI Останали наследници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| до 10000 | До 2 | 1 | 2 | 3 | 6 | 10 | 14 |
| | 2—10 | 1,5 | 2,5 | 4 | 7 | 11 | 15 |
| | преку 10 | 2 | 3 | 5 | 8 | 12 | 16 |
| 10—25000 | До 2 | 2,5 | 3,5 | 6 | 9 | 13 | 17 |
| | 2—10 | 3 | 4 | 7 | 10 | 14 | 18 |
| | преку 10 | 3,5 | 4,5 | 8 | 11 | 15 | 19 |
| 25—50000 | До 2 | 4 | 5 | 9 | 12 | 16 | 20 |
| | 2—10 | 5 | 6 | 10,5 | 13 | 17 | 22 |
| | преку 10 | 6 | 7 | 11 | 14 | 18 | 24 |
| 50—100000 | До 2 | 7 | 8 | 12 | 15 | 19 | 26 |
| | 2—10 | 8 | 9 | 13 | 16 | 20 | 28 |
| | преку 10 | 9 | 10 | 14 | 17 | 21 | 30 |
| 100—250000 | До 2 | 10 | 11 | 15 | 18 | 22 | 32 |
| | 2—10 | 11 | 12 | 16 | 19 | 24 | 34 |
| | преку 10 | 12 | 13 | 17 | 20 | 26 | 36 |
| 250—500000 | До 2 | 13 | 14 | 18 | 21 | 28 | 38 |
| | 2—10 | 14 | 15 | 19 | 22 | 30 | 40 |
| | преку 10 | 15 | 16 | 20 | 23 | 32 | 42 |
| 500000—1000000 | До 2 | 16 | 17 | 21 | 24 | 34 | 44 |
| | 2—10 | 17 | 18 | 22 | 26 | 36 | 46 |
| | преку 10 | 18 | 19 | 23 | 28 | 38 | 48 |
| 1—3000000 | До 2 | 19 | 20 | 25 | 30 | 40 | 50 |
| | 2—10 | 21 | 22 | 27 | 33 | 43 | 53 |
| | преку 10 | 23 | 25 | 30 | 36 | 46 | 56 |
| преку 3000000 | До 2 | 25 | 28 | 33 | 40 | 50 | 60 |
| | 2—10 | 27 | 31 | 36 | 45 | 55 | 65 |
| | преку 10 | 30 | 35 | 40 | 50 | 60 | 70 |

Ако лица од категорија II до IV живееле во фамилијарна или стопанска заедница со умрениот, плакјаат данок по првата пониска категорија од онаа која инаку би ја платиле. Ако децата (I категорија) живееле во заедница со умрениот, даночната стопа има се смалуе за 10%.

Член 52

Кај применуење скалата од чл. 49 и 51 на овој Закон, данокот по повисоката стопа не може да биде поголем од данокот по најблиската пониска стопа поголемена со разликата на даночната основица поради која би се применила повисоката стопа.

в) Постапка за наплатуење данокот

Член 53

1) Аконтации на данокот на II група доспеваат заплакјање во два еднакви годишни оброци: 1 ав-

густ и 1 ноември, а мораат да се плакјат во рок од 30 дена по доспевањето.

2) Аконтации на данокот на IV група доспеваат за плакјање во четири еднакви годишни оброци: 1 јануари, 1 април, 1 јули и 1 октомври, а мораат да се плакјат во рок од 30 дена по доспевањето.

3) Даночните обвезници кои плакјаат аконтација по чл. 47 на овој Закон, како и даночните обвезници кои плакјаат разлика помегју разрезаниот данок и платените аконтации, се должни да го платат накнадно разрезаниот данок односно разликата во рок од 30 дена по прописано извршеното соопштение.

Член 54

1) На износите на данокот и аконтации кои не се платени во рокот, ке се смета годишна камата во износ 6%.

2) Повекје платениот данок се вракја, по поднесената молба, на даночниот обвезник.

Член 55

1) Редовно наплатување данокот на група II до IV го врши околискиот народен одбор преку месните народни одбори. Данокот може да се плати преку чековни сметки кај Поштенската штедилница и неизините филијали.

2) Ако даночниот обвезник не го плати данокот благовремено, наплатувањето може да се изврши со присилен пат од движимоста од страна на околиските народни одбори преку месните народни одбори, а од недвижимоста преку судевите уз наплатување вистински направените трошкови.

Член 56

1) Во постапката за присилно наплатување данокот постојат три процесни радњи:

а) опомена (општа или поединечна писмена),

б) попис, и

в) продавачка.

2) Помегју секоја од овие радњи мора да протече најмалку 8 дена.

Член 57

1) Во оправдани случаи може да се дозволи почекување.

2) Одобрењето почекување не ослободува од плакјањето камати поради задоцнувањето.

## V ГЛАВА

## САНКЦИИ ЗА ПОВРЕДУЕЊЕ ОВОЈ ЗАКОН

Член 58

1) Даночниот обвезник кој во рок одреден со овој Закон, не поднесе даночна пријава или не даде даночни податоци по сакањето на финансиските органи на народната власт, ке се казни парично од 50 до 5.000 динари.

2) Даночниот обвезник кој во пријавата не наведе податоци означени во чл. 22, 37 и 39 на овој Закон, ке се казни со парична казна од 50 до 5.000 динари.

3) Кој во предметите на тугји даноци не даде потребни податоци кој по овој Закон е должен да ги даде, ке се казни со парична казна од 50 до 5.000 динари.

4) Казната од предходните ставови ја одмерува финансискиот орган на државната власт на кој пријавата се поднесуе односно кој податоците ги бара.

Член 59

1) Ако физичките или правните лица кои се должни да при исплатувањето односно пресметањето приходите обуставаат данок, не го обуставаат данокот или го обуставаат а не го предадат благовремено, ке се казнат парично од 100 до 10.000 динари.

2) Казната ја изречуе надлежниот околиски народен одбор.

Член 60

1) Лицето кое како кукјни помокјник не плати данок пред стапуенето во служба, ке се казни покрај накнадно платениот данок, со 150 динари.

2) Работодавачот кој прими како кукјни помокјник лице кое не платило данок по група III, ке се казни со 150 динари.

3) Казните ги изречуе надлежниот околиски народен одбор.

Член 61

1) За дело на даночна утаја ке се казни лице кое во предметите на сопствениот данок или како застапник на друг поднесе односно даде лажни или непотполни податоци (во пријавата или ван неа) во намера да го избегне плакјањето на данок во целост или частично.

2) За делото од предниот став ке се казни даночниот обвезник, физичко или правно лице со парична казна од 1.000 до 500.000 динари.

3) Застапниците на физички или правни лица ке се казни делото од предниот став со парична казна од 1000 до 50.000 динари покрај обвезникот кој се казние по ст. 2.

4) Во нарочно тешки случаи ке се казнат физичките лица, покрај казната од ст. 2 и 3 и со лишување на слободата од еден месец до една година уз губиток политички и поедини грагјански права за време издржување казната.

5) За изречување казната по одредбите на овој член е надлежен народниот окружни суд на обвезниковиот домицил.

Член 62

Предходни извидуења по делото од чл. 61 на овој Закон врши народниот одбор надлежен за разрезуење данокот.

## VI ГЛАВА

## ГАРАНЦИЈА

Член 63

Физичките и правните лица кои по овој Закон се должни да одбиваат данок при исплатување односно пресметуење приходите, гарантуат за тој данок.

Член 64

1) Државата има на доспелиот данок првенствено право на наплатување од целокупниот имот и приход на даночниот обвезник за време од 5 години по доспуењето.

2) При пренесуење имотот преносителот на имотот е должен да поднесе уверење за платениот данок на доходок.

## VII ГЛАВА

## ЖАЛБИ

Член 65

1) Против сите првостепени решенија донесени по овој Закон има место на жалба во рок од 30 дена по нивното соопштение, и тоа само на една повисока инстанца. Оваа жалба можат да ја поднесат не само даночните обвезници, туку и даночниот референт.

2) Против првостепените решенија на пониските народни одбори се подносуат жалби на повисокиот народен одбор. Против решенијата на окружниот народен одбор жалбите се подносуат на земското министерство за финансии односно на финансиското одделение на автономната покраина, односно на финансиското одделение на областниот народен одбор.

3) Против првостепените решенија, донесени од страна на даночната комисија при околискиот народен одбор, жалбите се подносуат на даночните

комисии при окружните народни одбори. Против првостепените решенија на даночните комисии при окружните народни одбори, жалбите се подносуат на даночната комисија при земското министерство за финансии, односно на даночната комисија при финансиското одделение на автономната покраина или област.

4) Комисијата при земското министерство за финансии односно при финансиското одделение на автономната покраина или област се состои од пет члена кои ги бира земската народна влада односно Претседателството на скупштината на автономната покраина, односно изврршниот областен одбор. Референтот го поставуе земскиот министер за финансии, односно повереникот за финансии за автономната покраина или претседателот на обласниот одбор.

Член 66

Во поглед на жалби како и постапки кај народните судеви во опште кога доносуат одлуки по кривиците од овој Закон, важи судската кривична постапка.

VIII ГЛАВА

ЗАСТАРЕЛОСТ

Член 67

1) Правото на државата на разрез и наплатуење данок и на изречуење и извршуење казната по овој Закон не застаруе.

2) Исто така не застаруе ни правото на даночниот обвезник на повракјање данокот кој нее должен да го плати.

3) Правноснажниот, а неправилно извршен разрез на данокот може да се измене во рок од 3 години од денот на соопштуењето во полза или на штета на даночниот обвезник.

IX ГЛАВА

МЕСНИ ДАНОЦИ

Член 68

1) На непосредните даноци по овој Закон едино можат, уз согласност на сојузниот Министер за финансии, да се наплатуат месни даноци на народните одбори само до вкупна висина од најповекје 100% на даночните стопи.

2) На данокот од приходи од ст. 1) чл. 10 на Законот, на данокот од улози на штедња како и на данокот на наследства и подароци не можат да се наплатуат никакви месни даноци.

X ГЛАВА

ПРЕЛАЗНИ НАРЕДУЕЊА

Член 69

1) Со денот на стапуење во сила на овој Закон престануат да важат сите даночни ослободуења ма која сорта биле;

2) За обвезници на кои разрезот на данокот за 1945 година ке се изврши по овој Закон укинуењето ослободуењето важи и за 1945 година.

XI ГЛАВА

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 70

Поблиски одредби за извршуење овој Закон ке пропише сојузниот Министер за финансии со правилник.

Член 71

Се овластуе сојузниот Министер за финансии да издава напатствија за применуење овој Закон.

Член 72

1) Разрезаните даноци по стариот Закон за непосфедни даноци за 1945 година ке се отпишат, а уплатените суми по тие разрези ке се засметаат во уплатата на данокот разрезен по овој Закон.

2) Уплатите на данокот на обвезникот од предходниот став на овој член на име даночно задолжуење за 1945 година се сметаат како аконтации на даноците разрезани по овој Закон.

3) Прописите на овој Закон ке се применуат и на оставштини по кои не е донесена правноснажна одлука.

Член 73

Овој Закон влегуе во сила на 1 јануар 1945 година.

26 октомври 1945 година
Београд

